Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19 и 1/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетскиот календар**
**на Општина Центар-Скопје за 2021 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2021 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 60. седница, одржана на 11.2.2021 година.

Бр. 09-945/21
11.2.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и 244/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 60. седница, одржана на 11.2.2021 година, донесе

## Буџетски календар
## на Општина Центар-Скопје за 2021 година

| Ред.бр | Активности | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на Општина Центар- Скопје го донесува Буџетскиот календар. | Јануари |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови и програми до сите сектори и буџетски корисници. | Најдоцна до 31 август |
| 3. | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и програми за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 30 септември |
| 4. | Министерот за финансии доставува циркулар- насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година. | Најдоцна до 30 септември |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува процени на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и ги усогласува финансиските планови и програми , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог- буџет и го известува Градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 15 октомври |
| 6. | Градоначалникот на Општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и го доставува до Советот на Општина Центар- Скопје. | Најдоцна до 20 октомври |
| 7. | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој. | Најдоцна до 15 ноември |
| 8. | Секторот за финансиски прашања го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и на одобрување. | ноември |
| 9. | Градоначалникот организира јавна расправа по Предлог-буџетот. | ноември-декември |
| 10. | Градоначалникот го доставува Предлог- буџетот до Советот на Општина Центар- Скопје. | декември |
| 11. | Советот на Општина Центар- Скопје го усвојува Предлог-буџетот. | декември |

Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2021 година стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-945/20
11.2.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.